РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-803/5
08-05-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година, донесе:

# ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 08-803/1 од 17.02.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-803/1 од 17.02.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-803/1 од 17.02.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ____________, по престанок на функцијата член на совет на Општина __________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ______________________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанок на фукцијата член на совет на Општина _______________, не поднела Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапила спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес и сторила прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-803/3 од 27.02.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 06.03.2026 година. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: К.Б., соработник
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК